## Услови и правила за купување

Цените на сите производи на www.audiostore.mk се изразени во денари со вклучен ДДВ. **ЦЛС-ЕКВИПМЕНТ ДООЕЛ** го задржува правото за промена на цените, во согласност со политиката на компанијата, без известување за корисниците. Корекција на цената нема да биде извршена ако нарачката е прифатена. Купувачот се обврзува да ја плати цената, која е понудена во моментот на извршување на нарачката, независно од фактот што цената може да биде променета во меѓувреме. Купувачот може да избере еден или повеќе производи, од понудата на **ЦЛС-ЕКВИПМЕНТ ДООЕЛ** .

Регистрирањето е задолжително за реализацијата на нарачката и при нарачката, задолжителни се податоците за контакт, како и адреса за испорака. По завршувањето на нарачката ќе Ви биде испратен e-mail на адресата која ја имате наведено. При евентуални технички проблеми со интернет страната, **ЦЛС-ЕКВИПМЕНТ ДООЕЛ** има право да ја одбие нарачката или да го прекине процесот на купување, и не сме обврзани да извршиме никакво обештетување, освен враќање на уплатените средства од страна на купувачот.